РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-3
17.02.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До:**

**Предмет:** **Одговор на претставка за недостиг на титлови на домашни филмови и серии**

Почитува

Во врска со Вашата Претставка (наш бр. УПП 03-3 од 09.02.2026 г.) во која посочувате дека домашните филмови и серии на програмите на телевизиите се недостапни за лицата со оштетен слух, за повозрасните и за сите оние кои имаат потешкотии при разбирањето говор, поради тоа што не се титлувани, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ), Ве известува за следното:

- Прилагодувањето на програмата за лицата со сетилна попреченост (оштетен слух и вид), со измените и дополнувањата на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од јули 2023 година (член 26), е обврска за телевизиите на национално ниво и за аудиовизуелните медиумски услуги по барање (видео по барање), која треба да ја исполнуваат континуирано и прогресивно.
- АВМУ, во јули 2024 година усвои Правилник за пристапност до медиумските услуги, во кој е утврдено дека телевизиите оваа обврска треба да ја остварат така што, почнувајќи од 2025 година, секоја година ќе прават пристапна најмалку по една програма, додека услугите видео по барање, треба да обезбедат пристапност на најмалку по 2% од нивната програмска понуда секоја година.
- Во Правилникот се наведени и различните алатки што можат да се користат за да се направат програмите пристапни, меѓу кои се и титлувањето, затворените и отворените текстуални објаснувања, говорните описи и др. кои се употребуваат токму за обезбедување пристапност на лицата со оштетен слух. Освен ова, АВМУ има изработено и брошура „Како да се обезбедат информации за лицата со сетилна попреченост – Пристап, услуги, програми, материјали и алтернативни формати“, со практични упатства како да се применат алатките.
- Во Прегледот на програмите што националните телевизии и услугите видео по барање ги направија пристапни за лицата со сетилна попреченост во 2025 година, а согласно годишните акциски планови за пристапност што ги доставија до АВМУ, може да се забележи дека повеќе радиодифузери се определија за титлување на некои од своите програми. Конкретно, приватната ТВ Алфа емитуваше македонски филмови со титлување, со постојан термин секоја недела од 18 часот, а од давателите на услуги видео по барање, платформата Глеј титлуваше два македонски филмски наслови „Врба“ и „Кајмак“.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38
1000 Скопје**

Информациите за програмите што беа направени пристапни лани се објавени на веб страницата на АВМУ во Прегледот на пристапни програми за лицата со сетилна попреченост во 2025.

- Во тек е анализата на акциските планови за пристапност за 2026 година, што ги доставија националните телевизии и услугите видео по барање, по што ќе биде направен нов преглед кој исто така ќе биде достапен на посебниот дел од веб страницата на АВМУ посветен на простапноста: https://avmu.mk/licasosetilnapoprecenost/. Во првата половина од годината ќе биде направена и анализа на тоа како беше исполнета обврската во 2025 година.
- Покрај овие обврски утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, од 2024 година, Изборниот законик пропишува дека Јавниот радиодифузен сервис и приватните телевизии на државно ниво што за време на изборна кампања ќе објавуваат платено политичко рекламирање, се должни да известуваат за изборите на начин прилагоден за лицата со сетилна попреченост. Некои од радиодифузерите, за Локалните избори 2025 година, се определија да користат титлување, што можете да го видите од посебниот Преглед на содржините.

Го цениме Вашиот интерес за оваа тема и се надеваме дека ќе продолжи, оти подобрувањето на пристапноста за лицата со попреченост бара прогресивен и сеопфатен пристап од сите чинители, особено од директните корисници на програмите.

Со почит,

Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги
Директор,

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ